**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**UNIVERSITETI "NËNË TEREZA" NË SHKUP**
**УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ**

# B U L E T I N I
# I
# UNIVERSITETIT "NËNË TEREZA" NË SHKUP

# Б И Л Т Е Н
# НА
# УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ

**Nr.48 / Бр.48**

**Shkup, 18 Nëntor 2022**
**Скопје, 18 Ноември 2022**

**Botim i Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup**
**Издание на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје**

Redaktor i veprimtarisë botuese të UNT-së / Уредник на издавачката дејност на УМТ:
Prof. Dr. Izet Zeqiri, rektor

Redaktor i Buletinit / Уредник на Билтенот:
Prof. Dr. Mustafa Ibrahimi
Mr. Bujar Kajolli

Këshilli redaktues i Buletinit / Уредувачки одбор на Билтенот:
Prof.Dr. Mustafa Ibrahimi
Prof. Inor. Dr. Rizvan Sulejmani
Prof. Inor. Dr. Fati Iseni
Mukades Hajdari
Mr. Bujar Kajolli

## PËRMBAJTJA / СОДРЖИНА

### FAKULTETI I SHKENCAVE INFORMATIKE / ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ


1. Програма за работа на кандидатот за декан на Факултетот за информатички науки доц. д-р Стојан Китанов / Programi i punës i kandidatit për dekan të Fakultetit të Shkencave Informatike doc. dr. Stojan Kitanov ------------------------------------------ 4-15


### FAKULTETI I SHKENCAVE TEKNIKE / ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ


1. Програма за работа на кандидатот за декан на Факултетот за технички науки вонр. проф. д-р Неритан Туркеши / Programi i punës i kandidatit për dekan të Fakultetit të Shkencave Teknike prof. inor. dr. Neritan Turkeshi ----------------------------------- 16-33


### FAKULTETI I SHKENCAVE TEKNOLOGJIKE / ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ


1. Програма за работа на кандидатот за декан на Факултетот за технолошки науки вонр. проф. д-р Сани Демири / Programi i punës i kandidatit për dekan të Fakultetit të Shkencave Teknologjike prof. inor. dr. Sani Demiri ------------------------------------ 34-44


### FAKULTETI I SHKENCAVE SOCIALE / ФАКУЛТЕТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ


1. Програма за работа на кандидатот за декан на Факултетот за социјални науки проф. д-р Сунај Раими / Programi i punës i kandidatit për dekan të Fakultetit të Shkencave Sociale prof. dr. Sunaj Raimi -------------------------------------------------------------- 45-54
2. Програма за работа на кандидатот за декан на Факултетот за социјални науки вонр. проф. д-р Дитурије Исмаили / Programi i punës i kandidatit për dekan të Fakultetit të Shkencave Sociale prof. inor. dr. Diturije Ismaili -------------------------------------- 55-63

# УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ
# UNIVERSITETI “NËNË TEREZA” NË SHKUP
# ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ
# FAKULTETI I SHKENCAVE INFORMATIKE

## - ПРОГРАМА -

**за работа на деканот во мандатниот период 2022 – 2025 година**

## PROGRAMI

**për punë i dekanit për periudhën mandatorë 2022-2025**


**Кандидат / Kandidat:**

**Доц. д-р Стојан Китанов / Doc. dr. Stojan Kitanov**


*Скопје, ноември 2022*

*Shkup, Nëntor 2022*

**Обраќање до членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки**

Почитувани,

Оваа предлог-програма претставува обид да ги изразам моите идеи и намери за развој на Факултетот за информатички науки во следните три години. Програмата е сеопфатна, но и натаму отворена. Сите сугестии, предлози и идеи се добредојдени.

Како и досега, така и понатаму ќе се залагам за почитување на законските прописи, академската автономија и слобода, вреднувањето на посветеноста во работата и желбата за соработка.

Предложената програма која е пред вас, е конципирана согласно нашите заеднички капацитети, желби и амбиции. Имајќи предвид дека сите ние сме дел од академската заедница, тргнувам од фактот дека развојот на Факултетот за информатички науки зависи од сите нас.

Во оваа насока, а преку искрена почит и грижа за вработените, транспарентност, достапност, прифаќање на различностите и меѓусебната поддршка, верувам дека само обединети и заедно, ќе може да ја оствариме програмата и да го продолжиме, зајакнеме и осигураме патот на развојот, просперитетот и успехот на Факултетот за информатички науки.

Со почит,
Доц. д-р Стојан Китанов

Скопје, 07.11.2022

# Содржина


ВОВЕД ........ 7

1 ОРГАНИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА ........ 8

2 РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА АКТИВНИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ФАКУЛТЕТОТ И ПРЕДЛОЗИ ЗА НОВИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ ........ 10

3 НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА НА ФАКУЛТЕТОТ И РАБОТА НА ПРОЕКТИ ........ 11

4 ВКЛУЧУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ВО АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ФАКУЛТЕТОТ И УНИВЕРЗИТЕТОТ ........ 12

5 ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ПРОМОВИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ........ 13

6 АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 14

7 ПРЕДЛОГ ЗА ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО И НАЧИН НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ........ 14

8 ДРУГИ ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ........ 14

9 ЗАКЛУЧОК ........ 15

**Кандидат за декан: Доц. д-р Стојан Китанов**
**Факултет за информатички науки**

Врз основа на член 115 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), и согласно член 238, став 6 од Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, кандидатот **доц. д-р Стојан Китанов** ја предлага следната

**Програма за работа на деканот на Факултетот за информатички науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, за мандатниот период 2025 – 2025 година**

**Вовед**

Декан на Факултетот за информатички науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, е почесна и престижна функција за чие извршување е потребна висока совест и одговорност, темелна работа и посветеност кон развојот и унапредувањето на дејностите на Факултетот како и професионализам при извршувањето на работните обврски.

Извршувањето на функцијата декан претставува можност за координација и управување на комплексен систем, кој е заснован на принципите на добра академска соработка со сите вработени на Факултетот. Успехот на работата на деканот е можен само преку заедничка, транспарентна одговорна, чесна и искрена соработка и придонес од страна на сите вработени од Факултетот.

Во изминатите години Факултетот за информатички науки се препозна како еден од најпросперитетните факултети при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, за што сведочи постојаниот пораст на новозапишани студенти во секоја нова академска година. Затоа деканот на Факултетот за информатички науки мора да обезбеди континуитет во развојот на истиот, подобрувајќи ги перформансите секоја година.

Основните начела што ќе ги следам како декан ќе бидат насочени кон преземање на лидерство заедно со мојот тим, со особена почит кон секој вработен кој има креативни идеи, размислувања и визија за развој. Воведувањето на квалитетна настава, заснована на научни сознанија, развој на науката и применливост на знаењето, зголемување на соработката и интерактивна комуникација помеѓу наставниците и студентите, се дел од задачите и активностите на кои ќе работам интензивно во мандатниот период.

Програмата за избор на декан на Факултетот за информатички науки која ви ја поднесувам има за цел да ги наведе принципите за работа на идниот декан, и да прикаже дел од активностите кои се планираат во мандатниот период, со цел понатамошен развој во сите дејности (наставна и научно-истражувачка дејност) од работата на Факултетот, кои претставуваат неделива и интегрална целина.

Со цел развивање на наставата и научно-истражувачката дејност на Факултетот за информатички науки посебен акцент ќе биде ставен на следните приоритетни цели:

- Континуитет на образовниот процес, преку унапредување на сите сегменти кои се одлика на една високо образовна институција;
- Осовременување, продлабочување и интернационализација на научно-истражувачката дејност;

- Доопремување, осовременување и проширување на капацитетите на просториите за настава и лабораториите;
- Набавка на нова опрема за настава и научно-истражувачка дејност;
- Грижа за студентите и нивна вклученост во сите нивоа од дејностите на Факултетот за информатички науки.

Се надевам дека со реализација на оваа програма нашиот Факултет во блиска иднина ќе стане препознатлив бренд во општеството, каде ќе се запишуваат студенти од сите националности, како од нашата држава така и од странство.

**Организација и унапредување на наставата**

Мисијата и целта на која е основан Факултетот за информатички науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, е да овозможи едукација базирана на научни и стручни достигнувања од областа на информатичките науки и технологии.

Како иден декан ќе се залагам за унапредување на основната дејност на Факултетот за која е основан како високо образовна институција, а тоа е да образува идни инженери по информатички науки и технологии, и да овозможи стекнување на практични вештини и знаења, со кои идните инженери по информатички науки и технологии, ќе се профилираат и ќе бидат способни да решаваат прашања од областа на информатичките науки и технологии. Нашите дипломирани кадри ќе мора да бидат оспособени за анализа и способност за решавање на проблеми, практична примена на теоретско знаење, прилагодување кон новонастанати состојби, квалитет, независност, способност за работа во тим, способност за комуникација за развиени добри меѓучовечки односи, како и поседување на култура и социјална свест.

За унапредувањето на наставата, од најголемо значење е предметите да бидат распределени според стручноста и компетентноста на сите членови на академскиот кадар на Факултетот. Исто така, ќе настојувам наставата да биде пропорционално распределена меѓу сите членови, така што сите ќе имаат приближно ист број на часови. Ќе настојувам да се ангажира нов дополнителен кадар кој ќе ги зајакнат капацитетите на Факултетот, и на тој начин ќе можеме успешно да ги покриеме сите наставни програми. Обезбедување на нови училници и лаборатории ќе бидат исто така приоритет. Обезбедување на книги, соодветни за предметите ќе биде исто така од голема важност за Факултетот. Поради динамичноста на информатичките науки, ќе биде од особена важност да бидат обезбедени основни книги, кои ги покриваат базичните субјекти на компјутерските науки, додека останатите книги можат да бидат купени и во електронска форма.

Високото образование се заснова на неделивост на наставата од науката, односно примена на истражувањата во наставата. Современата настава на Факултетите повеќе не е само фактичка, односно настава по катедра или поединец, што му дава централно место на наставникот, а не на студентот. Всушност треба да е спротивното, а и ќе се залагам студентите да се во центарот на процесот на едукација, а нашата цел е да ги научиме, оспособиме и развиеме во профилирани кадри за потребите на нашето општество.

Во мандатниот период како иден декан ќе се залагам наставата да се насочи повеќе кон примена на резултатите од учењето кои мора да создадат компетенции што ќе обезбедат функционално знаење засновано на најновите научни достигнувања. Овие цели

може да се постигнат само со промени во наставниот процес и негова реформа во правец на учење преку решавање на проблеми, како и одвивање на настава преку вклучување на студентите во истражувачкиот процес. Ќе се залагам концептот за наставата да се промени, во кој професорите треба да ги научат нашите студенти како да научат, како да истражуваат и да размислуваат за примена на знаењето.

Концептот на предавање по „лекции од книга“ ќе настојувам да се промени, бидејќи тоа што е напишано во книгите, учебните помагала и скриптите, сега е достапно и на интернет, и сега студентите сами може да го прочитаат и совладаат. Но она што го нема таму, а го имаме ние наставниците, е искуството и знаењето, кое треба да им го пренесеме на нашите студенти, што ќе претставува концепт во реформата на идниот курикулум.

Затоа како иден декан ќе се залагам наставниот процес на Факултетот за информатички науки да биде базиран на холистички пристап за студентите, кои по дипломирањето ќе имаат способност да применуваат вештини, да идентификуваат проблеми и да понудат решенија за истите. Но исто така, нашите студенти треба да ги научиме да преземат одговорност за сопственото учење и да можат да научат од стекнатото искуство, како и да демонстрираат способност да разберат различни перспективи.

Како иден декан ќе се залагам сето ова ќе биде овозможено со примена на различни форми во наставата, како што се менторски начин на учење, интерактивни работилници со студенти, учење од најнови публикувани истражувања, семинарски работи и сл., кои треба да бидат задолжителна компонента на секој предмет, одделно.

Поканети гости професори, визитинг наставници и стручни лица од практиката, можат значително да придонесат за воспоставување на квалитетна настава.

Ќе се залагам за што поголема мобилност на нашите студенти и наставно-научниот кадар на ERASMUS+, CEEPUS, COST акциите и сл., со цел повратна имплементација на стекнатите знаења и искуства во наставниот процес на Факултетот за информатички науки.

Должностите на секој универзитетски професор, за кои ќе се залагам како иден декан, е да се стреми да постигне и пренесе високо ниво на знаење од сопствениот предмет, да обезбеди точност, прецизност, репрезентативност на содржината на наставната програма и истата да ја спроведува во целост онака како е дадена на студентите, да придонесува кон интелектуалниот развој на студентите преку асистирање во решавањето на комплексни прашања од областа на информатичките науки и технологии.

Многу е важно да се постигне прецизна и веродостојна евалуација на знаењата на студентите за успехот на нивната работа, која треба да биде отворена, објективна и навремена, преку највисока транспарентност и јавност при спроведување на испитите, како и објективност при оценувањето.

Синергијата на наставниот процес во високото образование подразбира трансфер на знаење преку интеракција на наставник – студент, а тоа ќе биде и основниот принцип на моето залагање во поглед на подобрување на наставниот процес на Факултетот за информатички науки.

**Размислување за активни студиски програми на Факултетот и предлози за нови студиски програми**

Секоја година бројот на студенти кои се запишуваат на додипломски студии на Факултетот за информатички науки е во постојан пораст. Овој број значително се зголеми и достигна над 100 запишани студенти во академската година 2022/2023. Ова се должи, пред сѐ на промотивните активности на Факултетот, реакредитацијата на четиригодишните студиски програми **информатика** и **информатичка настава**, како и воведување на новата четиригодишна студиска програма **компјутерски науки и инженерство**, за која студентите пројавија голем интерес.

Затоа главниот акцент треба да се насочи кон подобрување на наставата, кое може да се постигне преку зголемување на капацитетот на предавалните и лабораториите, купување на соодветна литература за наставата, набавка на софтвер неопходен за наставата, набавка на хардверска опрема, како и вработување на наставен и соработнички кадар.

Исто така во 2023 година, потребно е да се направи реакредитација на тригодишната студиска програма **применето програмирање**, каде ќе се изврши ажурирање (промена до 30 %) на наставните предмети на оваа студиска програма, при што со воведување на нови предмети и ажурирање на силабусите на постојните предмети, ќе бидат воведени најактуелните области од информатичките науки и технологии. Ваквото ажурирање на наставните предмети ќе се направи според искуството и знаењето на наставниот кадар на Факултетот за информатички науки, потребите на пазарот на трудот, како и мислењето на студентите.

Во однос на магистерските студии, Факултетот располага со следните студиски програми:

- Применето софтверско инженерство (едногодишни студии)
- Применето софтверско инженерство (двегодишни студии)
- Математичко информатичко образование (едногодишни студии)
- Математичко информатичко образование (двегодишни студии)

Во 2023 година потребно е да се изврши реакредитација на овие студиски програми, односно ќе се изврши ажурирање (промена до 30 %) на наставните предмети на оваа студиска програма. На тој начин преку воведување на нови предмети и ажурирање на силабусите на постојните предмети ќе бидат воведени најактуелните области од информатичките науки и технологии. Ваквото ажурирање на наставните предмети, ќе се направи според искуството и знаењето на наставниот кадар на Факултетот за информатички науки, потребите на пазарот на трудот, како и мислењето на магистрантите. На тој начин студентите ќе можат да ги вршат своите истражувања во најновите и најактуелните области од информатичките науки и технологии.

Дополнително, со анализа на потребите на пазарот на труд, како и можните расположливи просторни и човечки ресурси на Факултетот за информатички науки, како и на самиот Универзитет „Мајка Тереза“, како иден декан ќе се залагам во зависност од можностите, да се воведат нови студиски програми на додипломските и магистерските студии од областа на информатичките науки и технологии, како на пример **компјутерски мрежи и сајбер безбедност**, **дигитална форензика,** или интердисциплинарни студии,

како на пример **дигитална бизнис информатика** и слично, со што бројот на студенти кои ќе се запишуваат на Факултетот за информатички науки значително ќе се зголеми.

### Научно - истражувачка работа на факултетот и работа на проекти

Научно-истражувачката дејност е единствениот применлив показател за прогресот на една високо образовна институција, преку која се одредува рејтингот во рамките на државата и пошироко, на меѓународен план. Научно-истражувачките параметри се една од формите за следење на работата на наставниот кадар, но тие се метрика што не го одразува целосно квалитетот на самото истражување.

Научно-истражувачката дејност на Факултетот за информатички науки се одвива уште од самото основање на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје. Дел од наставниот кадар на Факултетот за информатички науки веќе учествува на меѓународни научно истражувачки проекти (ERASMUS+), и воедно има објавено неколку трудови во списанија со фактор на влијание. Но, истовремено, треба да се земе во предвид дека, финансирањето за научно-истражувачката дејност од страна на државата, разни фондови, приватни сектори и невладини организации, е скоро занемарливо.

Сепак, верувам дека наставниот кадар на Факултетот за информатички науки поседува огромен потенцијал на знаење и искуство, кое може да се искористи за научно-истражувачка дејност. Затоа, како иден декан, ќе се залагам Факултетот за информатички науки, во полето на научно- истражувачката дејност, да обезбеди уште поголем научен напредок и поголема видливост на домашен и меѓународен план.

За таа цел, ќе се заложам, Универзитетот да помогне во покривањето на партиципацијата и патните трошоци на секој член на академскиот кадар на Факултетот за информатички науки кој ќе учествува на меѓународна квалификувана научна конференција или пак ќе објави некој труд во списание со фактор на влијание.

Исто така, како иден декан, ќе се залагам да се излезе во пресрет на секој член кој ќе има потреба од отсуство од работа, поради посета на некоја конференција или некој студиски престој во странство. Секако, наставата во тој случај треба да покриена на соодветен начин.

Во рамките на своите можности, Факултетот ќе го поддржи секој член кој има потреба од некоја книга, софтвер, или хардвер за извршување на некоја научна задача. Воедно, како иден декан ќе се залагам истото ова да биде поддржано од страна на Универзитетот.

Дополнително ќе се залагам да биде обезбедена поддршка за сите членови кои ќе конкурираат на проекти, поддржани и финансирани од Универзитетот, или било која надворешна агенција или институција.

Дополнително, ќе ги засилам напорите да се постигне што е можно поголема вклученост на наставниот кадар и студентите во сите тековни и идни научно-истражувачки активности.

Истражувачката работа бара рано препознавање и вклучување на студентите од додипломските студии кои покажуваат интерес и ентузијазам за учество. Сето тоа е овозможено преку вклучување на демонстраторите во наставно-образовниот процес, а нивниот напредок зависи од менторите кои треба да ги насочат, вклучат и развиваат во профилирани идни кадри.

Како иден декан ќе се залагам да се постигне конкурентност во меѓународното опкружување. Особено е потребно да се постигне и соработка меѓу факултетите од Универзитетот „Мајка Тереза“, која ќе ги поврзе интердисциплинарните истражувања преку поврзување на различни области на активност, што ќе резултира со апликација на проекти и објавување на повеќе трудови со фактор на влијание.

**Вклучување на студентите во активности поврзани со Факултетот и Универзитетот**

Факултетското студентско собрание на Факултетот за информатички науки е тело во кое членуваат претставници на студентите. Факултетското студентско собрание преку свои делегирани претставници во Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки учествува во работата на органите и телата на Факултетот. Исто така, избира заменик-студентски правобранител, и делегира свои претставници во Универзитетското студентско собрание, кои пак учествуваат во работата на органите и телата на Универзитетот.

Студентите се интегрален дел од Факултетот за информатички науки. Од тие причини, ќе се поттикнуваат сите активности на студентите насочени кон целосно вклучување во дејностите на Факултетот за информатички науки, со посебен акцент на научно-истражувачките проекти, едукативните настани и други активности.

Како иден декан, ќе се заложам да се зголемат активностите на студентското собрание. Соработката со студентите ќе биде унапредена врз основа на взаемна доверба. Секојпат ќе ги почитувам мислењата и предлозите на студентите, а соработката со наставниците, мора да биде насочена кон заедничката цел за постигнување на највисоко ниво на квалитет на студии.

Ќе се заложам на нашите студенти да им се обезбедат соодветни простории, во кои, тие периодично ќе се среќаваат, ќе заседаваат и ќе комуницираат, а ќе бидат поддржани сите решенија кои придонесуваат кон подобрување на студентскиот живот на Факултетот.

Како иден декан, ќе се заложам студентите да бидат вклучени како во апликативни, така и во научни активности и проекти. Тоа ќе биде исклучително важно за промоција на нашиот Факултет. За таа цел, ќе се заложам за формирање на Студентски клуб во рамките на нашиот Факултет, преку кој ќе бидат организирани и помагани сите активности на студентите. Студентите ќе може да организираат предавања подготвени од самите студенти на различни теми поврзани или со предметите кои ги следат, или со некои технолошки новости во информатичките науки.

Ќе се залагам за што поголема мобилност на нашите студенти на програмите ERASMUS+, CEEPUS, COST акциите и сл., со цел да ги подобрат нивните знаења и искуства од областа на информатичките науки и технологии.

Исто така, како и до сега, ќе се залагам најдобрите студенти да бидат вклучени во наставниот процес како демонстратори и во научно-истражувачката дејност на Факултетот за информатички науки.

Со цел да се овозможи поефикасен систем на студирање, ќе се залагам за отворање на нови лаборатории, проширување на капацитетот на читалната со библиотеката, зголемување на библиотечниот фонд на книги и пристап до новоформираниот компјутерски центар во рамките на Универзитетот.

Како иден декан, ќе се заложам од страна на Факултетот, а со поддршка на Универзитетот, како и во соработка со различни институции и фирми, да се организира Хакатон – натпревар по програмирање и развој на веб апликации, каде учество ќе земат најдобрите студенти од Факултетот за информатички науки, како и студенти од други образовни институции од земјата и странство. На тој начин, студентите учесници ќе се стекнат со нови знаења и нови искуства.

**Односи со јавност и промовирање на факултетот**

Со цел да се привлечат нови студенти, како иден декан, во соработка со телата и органите на Универзитетот, ќе се залагам да се продолжи со промотивните активности на Факултетот за информатички науки, во следните форми:

- Отворени денови на Факултетот, на кој ќе се изврши презентација на студиските програми, во која ќе бидат вклучени и студентите и наставниот кадар;
- Разработување на план и стратегија за да се направи презентација на Факултетот и студиските програми во сите средните училишта;
- Онлајн презентација на студиските програми на Факултетот преку платформата Google meet и слично;
- Разгледување на можноста за разработување на план за привлекување на студенти од соседните земји и пошироко.

Во соработка со телата и органите на универзитетот ќе се заложам да се формира саем на кариера, на кој ќе бидат поканети да земат учество реномирани фирми од обласна на софтверското инженерство, каде студентите ќе имаат можност да се запознаат со можностите за вработување, а истовремено ќе се изврши промоција на Факултетот.

Како дел од промотивните активности на Факултетот, ќе настојувам да се изработи корпоративна брошура за Факултетот, во која ќе биде претставено портфолиото на Факултетот за информатички науки.

Да се организира одговорно претприемништво и одговорност на бизнис заедницата и да се промовира филантропијата ќе се залагам да се организира годишна донаторска конференција, на која што ќе бидат поканети стопанските комори, бизнис заедницата, општествено одговорни индивидуи кои ќе бидат подготвени да ја препознаат потребата од вклучување во образовниот процес преку филантропија и општествена одговорност. Целта е финансиски да се поддржат студенти со социјално ранливи категории, или да се финансира некој научен труд, или некоја научно-истражувачка дејност.

Ќе настојувам да се обезбеди обука за наставниот кадар и студентите за новите медиуми и јавност преку проект на Министерството за образование и наука.

На крај, да истакнам дека како иден декан, ќе се заложам да се оддржат контактите на дипломираните студенти, преку формирање на таканаречена Алумни мрежа. Преку оваа мрежа, ќе се овозможи поврзување на сите генерации на Факултетот, и ќе се овозможи остварување на заедничка континуирана соработка, која ќе почива на цврсти темели и ќе придонесе за развој како на членовите, така и на самиот Факултет. На тој начин, поранешните студенти ќе бидат поинтензивно вклучени во процесите на Факултетот преку

стимулативни и продуктивни механизми, со што проактивно ќе придонесат за развојот и напредокот на Факултетот.

Со примена на алумни мрежата, возможно е да се отворат можности за соработка со поранешни студенти, кои работат во обласа на информатичките технологии, особено оние кои основале свои компании, бизниси, или работат во институции кои имаат сличности со работата на нашиот делокруг. Нивното учество во нашата наука и едукација, може да се развива преку работилници, симпозиуми, семинари, апликација на заеднички проекти, како и публикување на заеднички трудови во списанија со фактор на влијание.

**Активности поврзани со меѓународна соработка**

За време на мандатот ќе се потрудам да применам промовирање на науката и техничко-технолошки иновации. Ова ќе даде посебна димензија на развојот на културата на дијалогот меѓу науката, технологијата и стопанството, и се однесува на подобра комуникација на истражувачката активност на Факултет за информатички науки со стопанството, министерствата, цивилниот фактор и општеството, во целина. Ова ќе се одвива преку комуникација со масовни медиуми, како и прием на ученици, студенти и наставници на отворени денови на факултетот од земјата и странство.

Исто така секој член на академскиот кадар ќе биде охрабрен да учествува во различни активности поврзани со меѓународна соработка, како на пример учество на меѓународни конференции и семинари и учество на проекти. Членовите на академскиот кадар ќе се охрабруваат да поканувaат гости од други унивpзитети кои би оддржувале гостински предавања на нашиот Факултет.

**Предлог за јавно-приватно партнерство и начин на имплементација**

Студиските програми ги одразуваат реалните потреби на пазарот на трудот. Затоа е неопходно да се зајакне и да се зголеми соработката на Факултетот за информатички науку со деловната заедница преку јавно - приватно партнерство.

За таа цел, стручни лица од бизнис секторот ќе бидат поканувани да држат предавања на студентите на нашиот Факултет. Исто така, Факултетот ќе направи напор да прати некои студенти на стекнување на пракса во некои компании од приватниот или јавниот сектор. Сето тоа, дополнително ќе ја зајакне позицијата на Факултетот во општеството, и ќе придонесе да биде препознатлив бренд.

**Други дополнителни активности**

Факултетот за информатички науки, како и целото високо образование, се соочува со сериозен недостаток на млад наставно-научен кадар, соработнички кадар, ненаставен кадар, како и вработени во административната служба и помошно -технички персонал. Цврсто сум убеден дека вложувањата во човечки ресурси е капитална инвестиција и е еден од основните предуслови за успешно реализирање на образовниот и научно - истражувачкиот процес на Факултетот за информатички науки.

Затоа како иден декан, ќе се заложам за проактивен однос, во соработка со Универзитетот, да се бара  поддршка од структурите на ресорните министерства, пред сѐ образование и финансии, со цел да се надмине овој проблем.

Приоритет ќе биде даден на асистентите, кои за жал, речиси и да не постојат на Факултетот за информатички науки. Но исто така и наставниците се битни. Денес се бара поголем ангажман од наставниците, како на пример, повеќе време за консултации со студентите, изведување на настава во помали групи, поголемо учество во научно-истражувачка дејност и слично. Затоа вработување на нов наставен и соработнички кадар е од огромна важност за работењето на Факултетот за информатички науки. Дополнително, многу значаен сегмент во функционирањето на Факултетот е да се воспостави делување на стручно-административната служба.

Понатаму ќе се залагам за подобрување на условите за работа на членовите на академскиот кадар, преку обезбедување нанови канцеларии, компјутери, принтери, и други средства кои ќе им бидат од помош  во нивната едукативна и научна работа.

Како иден декан ќе се залагам за континуирано подобрување на условите за работа во кабинетскиот простор, подобрување на условите за работа во предавалните и лабораториите, како и зголемување на нивниот капацитет.

Исто така ќе се залагам за подобрување на ефикасноста во работењето на студентската служба, во насока на обезбедување квалитетна услуга на студентите, преку подобрување на времето на одговор на бараната услуга од страна на студентите.

Како декан ќе се залагам за изработка на нов Веб сајт на Факултетот за информатички науки, кој ќе ги содржи сите неопходни информации за Факултетот.

**Заклучок**

Програмата која ја доставувам за избор за декан на Факултетот за информатички науки, е само дел од планирањата и активностите кои ќе ги преземам заедно со мојот тим.

Како иден декан, безрезервно ќе се залагам за благостојбата на Факултетот и сите вработени во него. Само на тој начин, со големо заедничко залагање на сите нас и покрај многуте, воглавно неповолни, објективни и субјективни фактори кои несомнено ќе влијаат врз условите за работа,  ќе се постигнат резултати достојни за почит.

Доколку Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки ја поддржи оваа програма, и ме избере за декан, функцијата ќе ја извршувам чесно, совесно, одговорно и единствено во интерес на Факултетот за информатички науки.

Кандидат за декан

______________________

Доц. д-р Стојан Китанов

Скопје, 07.11.2022

**UNIVERSITETI “NËNË TEREZA” NË SHKUP**
**УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ**

**FAKULTETI I SHKENCAVE TEKNIKE**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ**

# - PLAN PROGRAM -

për punën e dekanit në periudhën e mandatit 2022-2025

# - ПРОГРАМА -

за работа на деканот во мандатниот период 2022 – 2025 година


**Kandidati: Assoc. Prof. Dr. Neritan Turkeshi**
**Кандидат: Вонр. Проф. д-р Неритан Туркеши**


***Shkup, Nëntor 2022***
***Скопје, ноември 2022 год***

**Drejtuar anëtarëve të Këshillit Mësimoro-Shkencor të Fakultetit të Shkencave Teknike**

**Të nderuar,**

Ky program i propozuar është një përpjekje  për të shprehur idetë dhe synimet e mia për zhvillimin e Fakultetit të Shkencave Teknike në tre vitet e ardhshme. Programi është gjithëpërfshirës, por mbi të gjitha ne si grup (team) do të jemi të hapur për të gjithë dhe gjithashtu të gjitha sugjerimet dhe idetë do të jenë të mirëseardhura.

Programi i propozuar është i përpiluar dhe i hartuar sipas kapaciteteve, dëshirave dhe ambicieve tona të përbashkëta. Duke marrë parasysh atë se të gjithë ne  jemi pjesë e komunitetit akademik, nisem nga fakti gjithashtu se zhvillimi i Fakultetit të Shkencave Teknike do të varret dhe do të zhvillohet duke u përfshirë të gjithë ne. Por gjithashtu duhet nënvizuar faktin se do të vazhdoj të mbroj dhe të punoj në bazë të dispozitave ligjore, rregullores si dhe autonomisë akademike, duke vlerësuar përkushtimin në punë dhe dëshirën për bashkëpunim.

Nga këtu gjithashtu duhet nënvizuar respektin dhe kujdesin e sinqertë për kolektivin, punonjësit, transparencën, mbështetjen reciproke, etj…Poashtu besoj që vetëm të bashkuar dhe së bashku do të arrijmë të realizojmë programin si dhe të forcojmë dhe të sigurojmë rrugën e zhvillimit  dhe suksesin e Fakultetit të Shkencave Teknike.

**Me respekt**,
Assoc. Prof. Dr. Neritan Turkeshi

**Shkup, 15.11.2022**

**Обраќање до членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за технички науки**

**Почитувани,**

Оваа предлог-програма претставува обид да ги изразам моите идеи и намери за развој на Факултетот за технички науки во следните три години. Програмата е сеопфатна, но и натаму отворена. Сите сугестии, предлози и идеи се добредојдени.

Предложената програма која е пред вас, е конципирана согласно нашите заеднички капацитети, желби и амбиции. Имајќи предвид дека сите ние сме дел од академската заедница, тргнувам од фактот дека развојот на Факултетот за технички науки зависи од сите нас. Како и досега, така и понатаму ќе се залагам за почитување на законските прописи, академската автономија и слобода, вреднувањето на посветеноста во работата и желбата за соработка.

Во оваа насока, а преку искрена почит и грижа за вработените, транспарентност, достапност, прифаќање на различностите и меѓусебната поддршка, верувам дека само обединети и заедно, ќе може да ја оствариме програмата и да го продолжиме, зајакнеме и осигураме патот на развојот, просперитетот и успехот на Факултетот за Технички Науки.

**Со почит,**
**Вонр. Проф. д-р Неритан Туркеши**

**Скопје, 15.11.2022**

**Përmbajtja:**


I. HYRJE ………………………………………………………………………………… 20

1. Vazhdimësia e procesit arsimor (organizimi dhe përmirësimi i mësimdhënies) ……21

   1.1. Shqyrtimi i programeve studimore aktive të Fakultetit dhe propozime për programe të reja studimore …………………………………………………………………………22

2. Puna shkencoro-kërkimore dhe puna me projekte në Fakultetet ………………………..22
3. Përfshirja e studentëve në aktivitete (duke bërë lidhjen mes fakulteteve dhe universitetit) …………………………………………………………………………………….…… 23
4. Marrëdhëniet me publikun dhe promovimi i fakultetit ……………………………… 24
5. Aktivitete tjera shtesë ………………………………………………………………… 25

II. PËRFUNDIMI ……………………………………………………………………... 25

**Kandidati për dekan: Assoc.Prof.Dr.Neritan Turkeshi**
**Fakulteti i Shkencave Teknike**

Në bazë të nenit 115 të Ligjit për Arsimin e Lartë (Gazeta zyrtare e RM-së, nr.82/18) dhe në pajtim me nenin 238 paragrafi 6 të Statutit të Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup, kandidati Assoc.Prof. Dr. Neritan Turkeshi propozon këtë:

## Program për punë të dekanit të Fakultetit të Shkencave Teknike pranë Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup, në periudhën e mandatit 2022-2025

### HYRJE

Roli dhe rëndësia e pozitës së dekanit të Fakultetit të Shkencave Teknike pranë Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup duhet thënë se është një pozitë e nderuar dhe prestigjioze, kryerja e së cilës kërkon nivel të lartë të përgjegjësisë dhe ndërgjegjes, si dhe punë me përkushtim në zhvillimin dhe përparimin e aktiviteteve të Fakultetit si dhe profesionalizëm gjatë kryerjes së detyrave dhe punëve.

Gjithashtu detyra e dekanit paraqet një mundësi për koordinim dhe menaxhim të një sistemi kompleks, i cili bazohet në parimet e bashkëpunimit të mirë akademik me të gjithë punonjësit e Fakultetit. Poashtu duhet nënvizuar fakti se suksesi i punës së dekanit është i mundur vetëm përmes bashkëpunimit dhe kontributit të përbashkët, të ndershëm, të ndërgjegjshëm dhe të sinqertë nga të gjithë punonjësit e Fakultetit.

Parimet bazë që do të ndjekim sëbashku (unë sëbashku me grupin punues) synojnë një respekt të veçantë për çdo punonjës që ka ide kreative, mendime dhe vizion për zhvillim. Aplikimi i mësimdhënies cilësore bazuar në njohuritë shkencore, zhvillimi i shkencës, raporti i favorshëm profesor-student (rritja e bashkëpunimit dhe komunikimit ndërveprues), mësimi interaktiv, avancimi i metodave së mësimdhënies, vizitat në terren dhe vendosjet praktike, janë pjesë e detyrave dhe aktiviteteve me të cilat do të punoj aktivisht sëbashku me grupin tim gjatë periudhës së mandatit. Gjithashtu një rol të rëndësishëm do ti kushtohet edhe zhvillimit të mësimdhënies si dhe veprimtarisë kërkimoro-shkencore të Fakultetit të Shkencave Teknike, ku theksi duhet vënë në:

- Vazhdimësi e procesit arsimor, përmes promovimit dhe avancimit të të gjitha segmenteve që janë karakteristikë e një institucioni të lartë arsimor;
- Furnizimi me paisje, modernizim dhe zgjerim të kapaciteteve të klasave të mësimdhënies si dhe laboratorive të ndryshme;
- Modernizim, thellim dhe ndërkombëtarizim të veprimtarisë kërkimoro-shkencore;
- Kujdesi për studentët dhe përfshirja e tyre në të gjitha nivelet e veprimtarisë së Fakultetit të Shkencave Teknike.

Shpresoj që me realizimin e këtij program, Fakulteti ynë në një të ardhme të afërt do të bëhet një brend i njohur për shoqërinë, ku do të mund të regjistrohen studentë nga të gjithë nacionalitetet, si nga vendi poashtu edhe nga jashtë.

1. **Vazhdimësia e procesit arsimor (organizim dhe përmirësim i mësimdhënies)**

Misioni dhe qëllimi i themelimit të Fakultetit të Shkencave Teknike pranë Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup është që të ofrojë arsim të bazuar në arritjet shkencore dhe profesionale nga fusha e shkencave teknike.

Si dekan i ardhëm do të angazhohem për avancimin e veprimtarisë bazë të Fakultetit për të cilin është themeluar si institucion i lartë arsimor, e kjo ka të bëjë me edukimin e drejtimit të Teknik-ut duke përfshirë këtu disa drejtime dhe programe studimore tjera si dhe të mundësojë përvetësimin e aftësive dhe njohurive praktike, me të cilat inxhinjerët e ardhshëm në shkencat teknike do të profilizohen dhe do të jenë në gjendje të gjejne zgjidhje për problemet e fushave teknike.

Për përmirësimin e mësimdhënies, rëndësi më e madhe është që lëndët të shpërndahen sipas profesionalizmit dhe kompetencës së të gjithë anëtarëve të stafit akademik të Fakultetit. Gjithashtu do të përpiqem që mësimi të shpërndahet proporcionalisht mes të gjithë anëtarëve, në mënyrë që të gjithë të kenë përafërsisht numrin e njejtë të orëve. Do të mundohem që të angazhojmë kuadër të ri shtesë, i cili do të forcojë kapacitetet e Fakultetit dhe kështu do të mund të mbulojmë me sukses të gjitha programet studimore. Sigurimi i klasave dhe laboratorëve të rinj do të jetë gjithashtu prioritet.Sigurimi i literaturës dhe librave të përshtatshëm do të jetë gjithashtu i një rëndësie të madhe për Fakultetin.

Gjatë mandatit si dekan i ardhshëm do të angazhohem që mësimdhënia të jetë më e fokusuar në aplikimin e rezultateve të të mësuarit, gjë e cila do të krijojë kompetenca që të ofrojnë njohuri funksionale bazuar në arritjet më të reja shkencore. Këto synime mund të arrihen vetëm me ndryshime në procesin mësimor dhe reformimin e tij në drejtim të mësimnxënies nëpërmjet zgjedhjes së problemeve, si dhe mësimdhënies nëpërmjes përfshirjes së studentëve në procesin e kërkimeve shkencore.

Gjithashtu do të angazhohem që procesi mësimor i Fakultetit të Shkencave Teknike të bazohet në një qasje holistike për studentët, të cilët pas diplomimit të kenë aftësi aplikimi të diturive të fituara, të mund të identifikojnë probleme dhe njëkohësisht për të ofruar zgjidhje për të njejtat. Por gjithashtu, ne duhet të punojmë që studentët tanë të marrin përgjegjësi dhe të sjellin vendime dhe të jenë në gjendje të mësojnë nga përvojat si dhe të demonstrojnë aftësi për të kuptuar këndvështrime të ndryshme. Do të angazhohemi poashtu që të gjitha këto të lartë përmendura të mundësohen duke aplikuar forma të ndryshme të mësimdhënies, siç është metoda e mësimit mentorial, punëtori interaktive me studentë, punime seminarike, etj të cilat duhet të jenë një komponentë e detyrueshme për secilën temë në veçanti.

Profesorë të ftuar si mysafirë, profesorë vizitorë dhe persona ekspertë nga praktika mund të kontribuojnë ndjeshëm në ngritjen e mësimdhënies cilësore.

Do të angazhohem në mobilitetin sa më të madh të studentëve tanë dhe të stafit mësimoror-shkencor në programe të ndryshme ndërkombëtare si ERASMUS+, CEEPUS, etj, me synim zbatimin e njohurive dhe përvojave të fituara gjatë procesit mësimor në Fakultetin e Shkencave Teknike.

Detyra e çdo profesori universitar, për të cilën do të angazhohem si dekan i ardhshëm, është që të përpiqet të arrijë dhe të transmetojë një nivel të lartë njohurish në lëndën e tij, gjithashtu të sigurojë saktësi, precizitet, të përfaqësojë përmbajtjen e kurrikulës si dhe të zbatojë në tërësi atë që i'u është dhënë paraprakisht studentëve, por njëherit edhe të kontribuojë në zhvillimin

intelektual të studentëve duke ndihmuar në zgjidhjen e çështjeve komplekse në fushën e shkencave teknike.
Gjithashtu është shumë e rëndësishme të arrihet një vlerësim i saktë dhe i besueshëm mbi njohuritë e studentëve për studentët dhe punën e tyre, i cili poashtu duhet të jetë i hapur, objektiv dhe në kohë.

### 1.1.Shqyrtimi i programeve studimore aktive të Fakultetit dhe propozime për programe të reja studimore

Çdo vit numri i studentëve që regjistrohen në ciklin e pare të studimeve në Fakultetin e Shkencave Teknike është vazhdimisht në rritje. Ky numër u rrit ndjeshëm dhe arriti në 200 studentë të regjistruar në vitin akademik 2022-2023. Kjo mbi të gjitha për shkak të aktiviteteve promovuese të Fakultetit, riakreditim të programit katërvjeçar të drejtimeve **Ekonomia e aplikuar dhe ndërmarrësi dhe Menaxhmenti Industrial, Inxhinieria për mbrojtjen e ambientit jetësor dhe drejtimi Siguria në punë** për të cilën studentët treguan interesim të madh.

Prandaj theksi kryesor duhet të drejtohet drejt përmirësimit të mësimdhënies, , gjë qëmund të arrihet duke rritur kapacitetet e klasave dhe laboratorive, sigurimin e literaturës së përshtatshme për mësimdhënie, sigurimin e softuerëve të nevojshëm për mësimdhënie, por edhe punësime të reja të mësimdhënësve dhe bashkëpunëtorëve.

Gjithashtu në viti 2023 është i nevojshëm riakreditimi i programit Doganë, shpedicion dhe sigurime, ku do të duhet të bëhet një ndryshim deri më 30% i lëndëve të reja dhe azhurimin e sillabuseve. Ky rifreskim i lëndëve mësimore do të bëhet sipas përvojës dhe njohurive të stafit pedagogjik të Fakultetit të Shkencave Teknike, nevojave të tregut të punës si dhe mendimit të studentëve.

Sa u përket studimeve të ciklit të dytë, Fakulteti ka në dispozicion këto programe studimore:

- Inxhinieria ekonomike dhe menaxhment (studime njëvjeçare);
- Inxhinieri e Transportit dhe komunikacionit (studime njëvjeçare);
- Inxhinieri e Transportit dhe Komunikacionit (studime dyvjeçare);
- Automatikë (studime njëvjeçare):
- Automatikë (studime dyvjeçare);

Besoj që në të ardhmen, kuptohet me ndihmën dhe përvojën e stafit pedagogjik, nevojave të tregut të punës, do të punojmë në akreditimin e programeve të reja atraktive studimore.

## 2. Puna shkencoro-kërkimore dhe puna me projekte në Fakultet

Nisur nga fakti se shkenca është burim kryesor për identifikimin, ndërtimin dhe zhvillimin e njohurive, të diturive të reja, konkrete dhe të përgjithshme mendoj se një rëndësi të veçantë duhet ti kushtojmë edhe punës shkencoro-kërkimore. Veprimtaria kërkimoro-shkencore është i vetmi tregues për progresin e një institucioni të Arsimit të lartë, nëpërmjet të cilit do të përcaktohet vlerësimi (rejtingu) brenda shtetit por edhe në suaza ndërkombëtare. Parametrat kërkimoro-shkencore janë një formë e monitorimit të punës së stafit akademik.

Veprimtaria shkencoro-kërkimore e Fakultetit të Shkencave Teknike ka filluar dhe po zhvillohet me një rritëm në rritje që nga themelimi i Universitetit “Nënë Tereza” në Shkup. Në

pjesë e stafit pedagogjik tanimë kanë marrë pjesë në projekte të ndryshme shkencoro-kërkimore ndërkombëtare, gjithashtu janë pjesëmarrës në projekte hulumtuese ndërkombëtare-ERASMUS+, por njëkohësisht kanë publikuar edhe punime të pranueshme ndërkombëtarisht. Megjithatë besoj që stafi pedagogjik i Fakultetit të Shkencave teknike disponon me një potencial të madh të përvojave dhe njohurive të cilat mund të shfrytëzohen për veprimtari shkencoro-kërkimore. Prandaj si dekan i ardhshëm do të angazhohem që Fakulteti i shkencave Teknike, në fushën e vrpimtarisë shkencore dhe kërkimore të sigurojë përparim edhe më të madh shkencor në nivel të vendit si dhe në atë ndërkombëtar.

Gjithashtu si dekan i ardhshëm do të përpiqem të ndihmoj dhe ta mirëkuptoj çdo koleg apo kolege që duhet të merr pjesë në ndonjë konferencë apo për ndonjë qëndrim studimor jashtë vendit, dhe do shikojmë që ditën e humbur ta zëvendësojë paraprakisht ose mësimi të mbulohet në mënyrën e duhur.

Sa i takon pjesës së botimeve, brenda mundësive të tij Fakulteti i Shkencave Teknike do të mbështesë çdo anëtar që ka nevojë për ndonjë libër, softuer ose paisje për të kryer ndonjë detyrë shkencore, si dhe do ti kushtojmë rëndësi botimeve të librave dhe do të bëj gjithçka që të përkrahen financiarisht nga Universiteti.

Në fund të kësaj pike si dekan i ardhshëm do të angazhohem që të arrihet një konkurrencë në mjedisin ndërkombëtar. Gjithashtu është e nevojshme dhe e rëndësishme që të vijojnë me nënshkrimin e marrëveshje me fakultete dhe universitete të tjera me renome ndërkombëtare e botërore kuptohet për bartjen dhe shkëmbimin e përvojave, zhvillimin e kurrikulave, mobilitetin e stafit akademik, etj.

**3.Përfshirja e studentëve në aktivitete (njëherit duke bërë lidhjen mes fakulteteve dhe Universitetit)**

Kuvendi studentor i Fakultetit të Shkencave Teknike është organ në të cilin anëtarë janë përfaqësuesit e studentëve. Kuvendi studentor nëpërmjet përfaqësuesve të saj të deleguar merr pjesë në Këshillin Mësimoro Shkencor. Nga ana tjetër studentët janë pjesë përbërëse e Fakultetit të shkencave teknike. Nga këto arsye, do të inkurajohen të gjitha aktivitetet studentore që synojnë përfshirjen e plotë në profesionet e Fakultetit të shkencave teknike, me theks të veçantë në projektet kërkimore, ngjarjet edukative dhe aktivitete të tjera.

Si dekan i ardhshëm do të angazhohem që të rriten aktivitetet e kuvendit studentor. Bashkëpunimi me studentët do të promovohet mbi bazën e besimit të ndërsjellë. Gjithmonë do të respektoj mendimet dhe sugjerimet e studentëve, ndërsa bashkëpunim me profesorët duhet të synojë drejt qëllimit të përbashkët për arritjen e nivelit më të lartë të cilësisë së studimeve. Gjithashtu do të angazhohem që studentëve tanë tju siguroj klasa të përshtatshme, ku ata do të takohen periodikisht, do flasin dhe komunikojnë, por gjithashtu do të mbështes të gjitha vendimet që do të kontribuojnë në përmirësimin e jetës studentore.

Unë do të angazhohem edhe për një mobilitet (lëvizje) më të madh të studentëve në programet ERASMUS+, CEEPUS dhe të ndryshme, me qëllim që të përmirësojnë njohuritë dhe përvojat e tyre në fushën e shkencave teknike.

Si deri më tani, edhe në të ardhmen do të angazhohem që studentët më të dalluar të përfshihen në procesin mësimor si demonstratorë si dhe në veprimtarinë kërkimoro-shkencore të Fakultetit të Shkencave Teknike.

Për të mundësuar një system studimi sa më efikas, do të angazhohem për hapjen e laboratorëve të rinj, zgjerimin e kapaciteteve të bibliotekës, rritjen e fondit të librave në bibliotekë si dhe akses në faqet e ndryshme të bibliotekave ndërkombëtare.

Si dekan i ardhshëm do të angazhohem që sëpari në suaza të fakultetit , por edhe në bashkëpunim me Universitetin të organizohet lloj të ndryshme në gara dhe konkurse nga fusha e shkencave teknike, ku do të marrin pjesë studentët më të dalluar të drejtimeve përkatëse.

## 4.Marrëdhëniet me publikun dhe promovimi i fakultetit

Me qëllim të tërheqjes së studentëve të rinj, në bashkëpunim me zyrën për PR dhe organe të tjera të Universitetit, do të angazhohem në vazhdimin e aktiviteteve promovuese të Fakultetit të Shkencave Teknike dhe atë duke përdorur disa forma të ndryshme të promovimit:

- Ditët e hapura të fakultetit, gjatë të cilave do të prezentohen programet e studimit, ku do të përfshihen një pjesë e studentëve si dhe stafi akademik;
- Hartimi i planit dhe strategjisë për të bërë prezentimin e Fakultetit dhe programeve studimore në të gjitha shkollat e mesme;
- Prezentim online i programeve të studimit përmes platformës Google meet dhe të ngjashme;
- Shqyrtimi i mundësisë së zhvillimit të një plani dhe strategjie për tërheqjen e studentëve nga vendet fqinje dhe më gjerë.

Në bashkëpunim me organet e Universitetit do të angazhohem për ngritjen e një panairi karriere, në të cilën do të ftohen të marrin pjesë kompani të njohura, ku studentët do të kenë mundësi të mësojnë për mundësitë e punësimit, ndërsa në të njejtën kohë mund të prezentojmë edhe Fakultetin.

Gjithashtu në kuadër të aktiviteteve promovuese të Fakultetit, do të përpiqem të krijoj një "broshurë korporative për Fakultetin" në të cilën do të prezentohet portfoli i Fakultetit të Shkencave Teknike.

Gjithashtu do të angazhohem të organizoj një konferencë vjetore donatorësh, në të cilën do të ftohen dhomat e tregtisë, komuniteti i biznesit, individë të përgjegjshëm shoqërorë, të cilët do të jenë të gatshëm të kuptojnë nevojën për tu përfshirë në procesin arsimor përmes filantropisë dhe përgjegjësisë sociale. Qëllimi do të jetë të mbështeten financiarisht studentët me të ardhura të ulëta financiare ose të ndihmohet një aktivitet kërkimoro-shkencor.

Do të përpiqem të siguroj trajnime për stafin mësimdhënës në bashkëpunim dhe të mbështetura nga Ministria e Arsimit dhe Shkencës.

Në fund, dua të theksoj se si dekan i ardhshëm, do të përpiqem të ruaj kontaktet e studentëve të diplomuar, përmes krijimit të një rrjeti të quajtur ALUMNI. Nëpërmjet këtij rrjeti do të mundësohet lidhja e të gjitha gjeneratave të Fakultetit dhe do të arrihet një bashkëpunim i vazhdueshëm i përbashkët,i cili do të mbështetet në themele të forta dhe do të kontribuojë në zhvillimin si të anëtarëve poashtu edhe të vetë Fakultetit.

**5.Aktivitete tjera shtesë**

Fakulteti i shkencave teknike, ashtu si i gjithë arsimi i lartë, përballet me mungesë serioze të stafit të ri mësimoro-shkencor, bashkëpunëtorët, si dhe punonjësit në shërbimin administrativ dhe personelin ndihmës teknik. Jam plotësisht i bindur se investimi në burime njerëzore është një investim kapital dhe mbetet një nga parakushtet bazë për realizimin me sukses të procesit arsimor dhe kërkimoro-shkencor të Fakultetit të Shkencave Teknike.

Prandaj si dekan i ardhshëm do të angazhohem për një marrëdhënie proaktive në bashkëpunim me Universitetin, për të kërkuar mbështetje dhe ndihmë nga ministry përkatëse në rradhë të pare nga ajo e Arsimit dhe e Financave, me qëllim zgjidhje të këtyre problemeve.

Gjithashtu do të ndihmoj në përmirësimin e vazhdueshëm të kushteve të punë në ambientet e zyrave, përmirësimin e kushteve në klasa dhe laboratore si dhe rritjen e kapaciteteve të tyre.

Poashtu do të ndihmoj në përmirësimin dhe efikasitetin e funksionimit të shërbimit studentor, duke rritur kohën e shërbimit për studentët.

**II.PËRFUNDIMI**

Programi që paraqes për zgjedhjen e dekanit të Fakultetit të Shkencave Teknike është një pjesë e planifikimit dhe aktiviteteve që do të ndërmarr sëbashku me ekipin tim.

Si dekan i ardhshëm pa kursyer veten do të angazhohem në mbarëvajtjen e Fakultetit si dhe të të gjithë të punësuarve brenda saj. Vetëm në këtë mënyrë pra me një angazhim të madh dhe të përbashkët mendoj se do të mund të arrijmë drejt majave të suksesit…

Nëse Këshilli Mësimoro-Shkencor i Fakultetit të Shkencave Teknike e mbështet këtë program dhe më zgjedh mua si dekan, unë jap fjalën se do ta kryej detyrën me ndershmëri, ndërgjegje, përgjegjësi dhe vetëm në interes të Fakultetit të Shkencave Teknike.

**Kandidati për dekan**

______________________

**Assoc. Prof. Dr. Neritan Turkeshi**

**Shkup, 15.11.2022**

**Содржина:**


I. ВОВЕД .......................................................................................................... 27

1. Континуитет на образовниот процес (организација и унапредување на наставата) ..........................................................................................................28

1.1. Размислување за активни студиски програми на факултетот и предлози за нови студиски програми ..........................................................................................29

2. Улогата на научно-истражувачка работа на факултетот и важноста на работа со проекти ..........................................................................................................30

3. Вклучување на студентите во активности (поврзаност помеѓу факултетот и универзитетот, и дополнителни активности меѓу факултетите) ..............................30

4. Односи со јавноста и промовирање на факултетот ....................................................31

5. Други дополнителни активности ..............................................................................32

II. ЗАКЛУЧОК ..........................................................................................................33

**Кандидат за декан: Вонр.Проф. д-р Неритан Туркеши**
**Факултет за технички науки**

Врз основа на член 115 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), и согласно член 238, став 6 од Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, кандидатот **Вонр. Проф. Д-р Неритан Туркеши** ја предлага следната:

**Програма за работа на деканот на Факултетот за технички науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, за мандатниот период 2025 – 2025 година**

## I.ВОВЕД

Улогата и важноста на функцијата Декан на Факултетот за технички науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, е почесна и престижна функција за чие извршување е потребна висока совест и одговорност, темелна работа и посветеност кон развојот и унапредувањето на дејностите на Факултетот како и професионализам при извршувањето на работните обврски.

Исто така функцијата декан претставува можност за координација и управување на комплексен систем, кој е заснован на принципите на добра академска соработка со сите вработени на Факултетот. Успехот на работата на деканот е можен само преку заедничка, транспарентна одговорна, чесна и искрена соработка и придонес од страна на сите вработени од Факултетот.

Основните начела што ќе ги следам како декан ќе бидат насочени кон особена почит на секој вработен кој има креативни идеи, размислувања и визија за развој. Воведувањето на квалитетна настава, заснована на научни сознанија, развој на науката и применливост на знаењето, зголемување на соработката и интерактивна комуникација помеѓу наставниците и студентите, се дел од задачите и активностите на кои ќе работам интензивно во мандатниот период. Исто така со цел развивање на наставата и научно-истражувачката дејност на Факултетот за Технички науки посебен акцент ќе биде ставен на следните приоритетни цели:

- Континуитет на образовниот процес, преку унапредување на сите сегменти кои се одлика на една високо образовна институција;
- Осовременување, продлабочување и интернационализација на научно-истражувачката дејност;
- Доопремување, осовременување и проширување на капацитетите на просториите за настава и лабораториите;
- Грижа за студентите и нивна вклученост во сите нивоа од дејностите на Факултетот за технички науки.

Се надевам дека со реализација на оваа програма нашиот Факултет во блиска иднина ќе стане препознатлив бренд во општеството, каде ќе се запишуваат студенти од сите националности, како од нашата држава така и од странство.

## 1. **Континуитет на образовниот процес** (Организација и унапредување на наставата)

Мисијата и целта на која е основан Факултетот за технички науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, е да овозможи едукација базирана на научни и стручни достигнувања од областа на техничките науки.

Како иден декан ќе се залагам за унапредување на основната дејност на Факултетот за која е основан како високо образовна институција, а тоа е да образува да овозможи стекнување на практични вештини и знаења, со кои идните инженери на факултетот за технички науки, ќе се профилираат и ќе бидат способни да решаваат прашања од оваа област. Нашите дипломирани кадри ќе мора да бидат оспособени за анализа и способност за решавање на проблеми, практична примена на теоретско знаење, прилагодување кон новонастанати состојби, квалитет, независност, способност за работа во тим, способност за комуникација за развиени добри меѓучовечки односи, како и поседување на култура и социјална свест.

За унапредувањето на наставата, од најголемо значење е предметите да бидат распределени според стручноста и компетентноста на сите членови на академскиот кадар на Факултетот. Исто така, ќе настојувам наставата да биде пропорционално распределена меѓу сите членови, така што сите ќе имаат приближно ист број на часови. Ќе настојувам да се ангажира нов дополнителен кадар кој ќе ги зајакнат капацитетите на Факултетот, и на тој начин ќе можеме успешно да ги покриеме сите наставни програми. Обезбедување на нови училници и лаборатории ќе бидат исто така приоритет. Обезбедување на книги, соодветни за предметите ќе биде исто така од голема важност за Факултетот.

Во мандатниот период како иден декан ќе се залагам наставата да се насочи повеќе кон примена на резултатите од учењето кои мора да создадат компетенции што ќе обезбедат функционално знаење засновано на најновите научни достигнувања. Овие цели може да се постигнат само со промени во наставниот процес и негова реформа во правец на учење преку решавање на проблеми, како и одвивање на настава преку вклучување на студентите во истражувачкиот процес. Ќе се залагам концептот за наставата да се промени, во кој професорите треба да ги научат нашите студенти како да научат, како да истражуваат и да размислуваат за примена на знаењето.

Затоа како иден декан ќе се залагам наставниот процес на Факултетот за технички науки да биде базиран на холистички пристап за студентите, кои по дипломирањето ќе имаат способност да применуваат вештини, да идентификуваат проблеми и да понудат решенија за истите. Но исто така, нашите студенти треба да ги научиме да преземат одговорност за сопственото учење и да можат да научат од стекнатото искуство, како и да демонстрираат способност да разберат различни перспективи.  Сето ова ќе се залагам сето ова ќе биде овозможено со примена на различни форми во наставата, како што се менторски начин на учење, интерактивни работилници со студенти, учење од најнови публикувани истражувања, семинарски работи и сл., кои треба да бидат задолжителна компонента на секој предмет, одделно.

Поканети гости професори, визитинг наставници и стручни лица од практиката, можат значително да придонесат за воспоставување на квалитетна настава.

Ќе се залагам за што поголема мобилност на нашите студенти и наставно-научниот кадар на ERASMUS+, CEEPUS, COST акциите и сл., со цел повратна имплементација на стекнатите знаења и искуства во наставниот процес на Факултетот за технички науки.

Должностите на секој универзитетски професор, за кои ќе се залагам како иден декан, е да се стреми да постигне и пренесе високо ниво на знаење од сопствениот предмет, да обезбеди точност, прецизност, репрезентативност на содржината на наставната програма и истата да ја спроведува во целост онака како е дадена на студентите, да придонесува кон интелектуалниот развој на студентите преку асистирање во решавањето на комплексни прашања од обласа на техничките науки.

Многу е важно да се постигне прецизна и веродостојна евалуација на знаењата на студентите за успехот на нивната работа, која треба да биде отворена, објективна и навремена, преку највисока транспарентност и јавност при спроведување на испитите, како и објективност при оценувањето.

### 1.1.Размислување за активни студиски програми на Факултетот и предлози за нови студиски програми

Секоја година бројот на студенти кои се запишуваат на додипломски студии на Факултетот за технички науки е во постојан пораст. Овој број значително се зголеми и достигна над 200 запишани студенти во академската година 2022/2023. Ова се должи, пред сé на промотивните активности на Факултетот, реакредитацијата на четиригодишните студиски програми **Применета економија и претприемништво, Индустриски менаџмент,Инженерство за заштита на животна средина и насоката Безбедност при работа**, за која студентите пројавија голем интерес.

Затоа главниот акцент треба да се насочи кон подобрување на наставата, кое може да се постигне преку зголемување на капацитетот на предавалните и лабораториите, купување на соодветна литература за наставата, набавка на софтвер неопходен за наставата, набавка на хардверска опрема, како и вработување на наставен и соработнички кадар.

Исто така во 2023 година, потребно е да се направи реакредитација на четиригодишна студиска програма **Царина, шпедиција и осигурување**, (240 кредити) каде ќе се изврши ажурирање (промена до 30 %) на наставните предмети на оваа студиска програма, при што со воведување на нови предмети и ажурирање на силабусите на постојните предмети, ќе бидат воведени најактуелните области од техничките науки. Ваквото ажурирање на наставните предмети ќе се направи според искуството и знаењето на наставниот кадар на Факултетот за технички науки, потребите на пазарот на трудот, како и мислењето на студентите.

Во однос на магистерските студии, Факултетот располага со следните студиски програми:

- Економско инженерство и менаџмент (едногодишни студии)
- Сообраќајно транспортно инженерство (двегодишни студии)
- Сообраќајно транспортно инженерство (едногодишни студии)
- Автоматика (едногодишни студии)
- Автоматика (двегодишни студии)

Верувам дека во иднина со поддршка и земајќи ги во предвид искуството и знаењето на наставниот кадар како и потребите на пазарот на трудот, ќе работиме на акредитација на нови атрактивни студиски програми.

**2.Улогата на Научно - истражувачка работа и важноста на работи со проекти (на Факултетот)**

Тргнувајќи од фактот дека науката е главен извор за идентификација, изградба и развој на знаењата, новите и општите знаења мислам дека посебно значење треба да и се даде на научно-истражувачката работа. Научно-истражувачката дејност е единствениот применлив показател за прогресот на една високо образовна институција, преку која се одредува рејтингот во рамките на државата и пошироко, на меѓународен план. Научно-истражувачките параметри се една од формите за следење на работата на наставниот кадар, но тие се метрика што не го одразува целосно квалитетот на самото истражување.

Научно-истражувачката дејност на Факултетот за технички науки се одвива уште од самото основање на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје. Дел од наставниот кадар на Факултетот за технички науки веќе учествува на меѓународни научно истражувачки проекти (ERASMUS+), и воедно има објавено неколку трудови во списанија со фактор на влијание. Затоа, како иден декан, ќе се залагам Факултетот за технички науки, во полето на научно- истражувачката дејност, да обезбеди уште поголем научен напредок и поголема видливост на домашен и меѓународен план.

Исто така, како иден декан, ќе се залагам да се излезе во пресрет на секој член кој ќе има потреба од отсуство од работа, поради посета на некоја конференција или некој студиски престој во странство. Секако, наставата во тој случај треба да покриена на соодветен начин.

Во рамките на своите можности, Факултетот ќе го поддржи секој член кој има потреба од некоја книга, софтвер, или хардвер за извршување на некоја научна задача. Воедно, како иден декан ќе се залагам истото ова да биде поддржано и финансиски од страна на Универзитетот.

На крај од оваа точка како иден декан ќе се залагам да се постигне конкурентност во меѓународното опкружување. Исто така, неопходно и вазжно е да се продолжи со потпишување на договори за соработка со други факултети и универзитети со меѓународно и светско реноме за размена на искуства, развој на наставни заеднички програми, мобилност на академскиот кадар, и др.

**3.Вклучување на студентите во активности (поврзаност помеѓу Факултетот и Универзитетот и дополнителни активности помеѓу факултетите)**

Факултетското студентско собрание на Факултетот за технички науки е тело во кое членуваат претставници на студентите. Факултетското студентско собрание преку свои делегирани претставници во Наставно-научниот совет на Факултетот за технички науки учествува во работата на органите и телата на Факултетот. Од друга страна студентите се интегрален дел од Факултетот за технички науки. Од тие причини, ќе се поттикнуваат сите активности на студентите насочени кон целосно вклучување во дејностите на Факултетот

за технички науки, со посебен акцент на научно- истражувачките проекти, едукативните настани и други активности.

Како иден декан, ќе се заложам да се зголемат активностите на студентското собрание. Соработката со студентите ќе биде унапредена врз основа на взаемна доверба. Секојпат ќе ги почитувам мислењата и предлозите на студентите, а соработката со наставниците, мора да биде насочена кон заедничката цел за постигнување на највисоко ниво на квалитет на студии. Ќе се заложам на нашите студенти да им се обезбедат соодветни простории, во кои, тие периодично ќе се среќаваат, ќе заседаваат и ќе комуницираат, а ќе бидат поддржани сите решенија кои придонесуваат кон подобрување на студентскиот живот на Факултетот.

Ќе се залагам за што поголема мобилност на нашите студенти на програмите ERASMUS+, CEEPUS, и сл., со цел да ги подобрат нивните знаења и искуства од областа на техничките науки.

Исто така, како и до сега, ќе се залагам најдобрите студенти да бидат вклучени во наставниот процес како демонстратори и во научно-истражувачката дејност на Факултетот за технички науки.

Со цел да се овозможи поефикасен систем на студирање, ќе се залагам за отворање на нови лаборатории, проширување на капацитетот на читалната со библиотеката, зголемување на библиотечниот фонд на книги и пристап до веб страни на меѓународни библиотеки.

Како иден декан, ќе се заложам од страна на Факултетот, а со поддршка на Универзитетот, како и во соработка со различни институции и фирми, да се организира некој вид натпревар во студиските програми на применета економија, царина, мекатроника и развој на веб апликации, каде учество ќе земат најдобрите студенти од Факултетот за технички науки, како и студенти од други образовни институции од земјата и странство.

## 4.Односи со јавност и промовирање на факултетот

Со цел да се привлечат нови студенти, како иден декан, во соработка со телата и органите на Универзитетот, ќе се залагам да се продолжи со промотивните активности на Факултетот за текнички науки, во следните форми:

- Отворени денови на Факултетот, на кој ќе се изврши презентација на студиските програми, во која ќе бидат вклучени и студентите и наставниот кадар;
- Разработување на план и стратегија за да се направи презентација на Факултетот и студиските програми во сите средните училишта;
- Онлајн презентација на студиските програми на Факултетот преку платформата Google meet и слично;
- Разгледување на можноста за разработување на план за привлекување на студенти од соседните земји и пошироко.

Во соработка со телата и органите на универзитетот ќе се заложам да се формира саем на кариера, на кој ќе бидат поканети да земат учество реномирани фирми од областа на техничките наука но и други студиски програми кој се дел од техничкиот факултет, каде студентите ќе имаат можност да се запознаат со можностите за вработување, а

истовремено ќе се изврши промоција на Факултетот. Како дел од промотивните активности на Факултетот, ќе настојувам да се изработи корпоративна брошура за Факултетот, во која ќе биде претставено портфолиото на Факултетот за технички науки.

Исто така ќе се заложам за да се организира годишна донаторска конференција, на која што ќе бидат поканети стопанските комори, бизнис заедницата, општествено одговорни индивидуи кои ќе бидат подготвени да ја препознаат потребата од вклучување во образовниот процес преку филантропија и општествена одговорност. Целта е финансиски да се поддржат студенти со социјално ранливи категории, или да се финансира некој научен труд, или некоја научно-истражувачка дејност.

Ќе настојувам да се обезбеди обука за наставниот кадар и студентите за новите медиуми и јавност преку проект на Министерството за образование и наука.

На крај, да истакнам дека како иден декан, ќе се заложам да се оддржат контактите на дипломираните студенти, преку формирање на таканаречена Алумни мрежа. Преку оваа мрежа, ќе се овозможи поврзување на сите генерации на Факултетот, и ќе се овозможи остварување на заедничка континуирана соработка, која ќе почива на цврсти темели и ќе придонесе за развој како на членовите, така и на самиот Факултет.

**5.Други дополнителни активности**

Факултетот за технички науки, како и целото високо образование, се соочува со сериозен недостаток на млад наставно-научен кадар, соработнички кадар, како и вработени во административната служба и технички

персонал. Цврсто сум убеден дека вложувањата во човечки ресурси е капитална инвестиција и е еден од основните предуслови за успешно реализирање на образовниот и научно -истражувачкиот процес на Факултетот за технички науки.

Затоа како иден декан, ќе се заложам за проактивен однос, во соработка со Универзитетот, да се бара поддршка од структурите на ресорните министерства, пред сé образование и финансии, со цел да се надмине овој проблем.

Исто така ќе се залагам за континуирано подобрување на условите за работа во кабинетскиот простор, подобрување на условите за работа во предавалните и лабораториите, како и зголемување на нивниот капацитет. Потоа ќе се залагам и за подобрување на ефикасноста во работењето на студентската служба, во насока на обезбедување квалитетна услуга на студентите, преку подобрување на времето на одговор на бараната услуга од страна на студентите.

## II.ЗАКЛУЧОК

Програмата која ја доставувам за избор за декан на Факултетот за технички науки, е само дел од планирањата и активностите кои ќе ги преземам заедно со мојот тим.

Како иден декан, безрезервно ќе се залагам за благостојбата на Факултетот и сите вработени во него. Само на тој начин, со големо заедничко залагање на сите нас и покрај многуте, воглавно неповолни, објективни и субјективни фактори кои несомнено ќе влијаат врз условите за работа, ќе се постигнат резултати достојни за почит.

Доколку Наставно-научниот совет на Факултетот за технички науки ја поддржи оваа програма, и ме избере за декан, функцијата ќе ја извршувам чесно, совесно, одговорно и единствено во интерес на Факултетот за технички науки.

**Кандидат за декан**

______________________

**Вонр. Проф. д-р Неритан Туркеши**

**Скопје, 15.11.2022**

# УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ
# UNIVERSITETI “NËNË TEREZA” NË SHKUP
# ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ
# FAKULTETI I SHKENCAVE TEKNOLOGJIKE

## Програма ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ
## на Факултетот за технолошки науки
## при Универзитетот „МАЈКА ТЕРЕЗА“ во Скопје
## (2022-2025 година)
## Programi për PUNË DHE ZHVILLIMI të Fakultetit të Shkencave Teknologjike pranë Universitetit “NËNË TEREZA” në Shkup
## (2022-2025)


***Вонр. проф. д-р Сани Демири / Prof. inor. dr. Sani Demiri,***

*Факултет за технолошки науки / Fakulteti i Shkencave Teknologjike*


**Скопје, 2022 година**
**Shkup, 2022**

**Содржина:**

Вовед........................................................................................................................ 36
Мотивација ............................................................................................................... 37
Визија .......................................................................................................................38
Структури, процеси и процедури...............................................................................39
А) Цели и организација на Факултетот за технолошки науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје .................................................................................................39
Б) Академски активности, студиски програми, студии и професионални компетенции .....41
В) Настава, учење и истражување ..............................................................................41
Г) Управување и квалитет ..........................................................................................42
Д) Обука и развој на кадарот на Факултетот за технолошки науки.......................................43
Ѓ) Е-комуникација и соработка ..................................................................................43
Е) Цели во соработка помеѓу Универзитетот и бизнис заедницата .......................................43
Ж) Промоција на Факултетот за технолошки науки.............................................................44

**Вовед**

Факултетот за технолошки науки е еден од петте факултети на Универзитетот „Мајка Тереза“ (УМТ) кој Универзитет е основан со закон од 24.12.2015 година. Со тоа се овозможи и отворање на нови студиски програми. На почетокот Факултетот за технолошки науки имаше само две студиски програми, Прехранбена технологија и Инженерство на материјали и нанотехнологии, за да во 2018 се акредитираат и студиските програми Текстил, дизајн и моделирање и Агроинженерство. Денес, во 2022, Факултетот за технолошки науки брои 4 студиски програми од прв циклус и тоа Прехранбена технологија, Текстил, дизајн и моделирање, Дизајн на хемиски проиводи и процеси и Биохемиско инженерство. На втор циклус се студиските програми, Прехранбена технологија, Хемиско инженерство, Нутриционизам и диететика и Текстил, дизајн и моделирање, сите едногодишни со 60 ЕКТС, додека додипломските студии се четиригодишни, со 8 семестри и 240 ЕКТС. Факултетот за технолошки науки континуирано се осовременува и кадрите што излегуваат од факултетот се висококвалификувани стручни лица кои можат да бидат конкурентни на пазарот на трудот. Факултетот за технолошки науки сам по себе и како составен дел од Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје е средина за промоција на вистински образовни и научни вредности, како еден центар кој произведува кадри кои ќе го движат општеството и нацијата напред. Универзитетот и Факултетот функционираат во согласност со највисоките меѓународни стандарди, носејќи квалитет и студенти подготвени да ги задоволат не само потребите на пазарот на трудот во Република Северна Македонија, туку и пошироко**.**

**МОТИВАЦИЈА**

Д-р Сани Демири, вонреден професор на Факултетот за технолошки науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје е со повеќедецениско искуство во академскиот, научниот, наставно-образовниот процес и исто така поседува менаџерски способности кои (ги докажа во претходниот, целосно и успешно реализиран тригодишен мандат) на функцијата декан на Факултетот за технолошки науки. Во овој контекст, не само што процесот на наставата и истражување е проактивен процес за да се обезбеди долгорочна компатибилност во универзитетскиот живот, туку и учеството во процесот на управувањето со единиците на високообразовните институции е интересен предизвик и создава можности за развој на конкуренцијата во високообразовната дејност.

Мотивиран од ова, јас како потенцијален кандидат за декан на Факултетот за технолошки науки при Универзитетот „Мајка Тереза“, ќе ги комбинирам професионалните авторитети и компетентност за да ги имам посакуваните резултати при управувањето со Факултетот за технолошки науки при УМТ. Широка, отворена соработка и заедничката посветеност на сите СТРУКТУРИ на студиските насоки на Факултетот за технолошки науки на УМТ, студентите, наставниот и ненаставниот кадар ќе бидат мое начело во раководењето.

**ВИЗИЈА**

На самиот Факултет за технолошки науки владее позитивна клима за извонредни национални, регионални и меѓународни соработки како еден центар на знаење, креиран од компетентни професионалци кои истовремено се развиваат како во наставно-научната, така и во научно-истражувачката работа. Мисијата на Факултетот за технолошки науки при УМТ налага како институција да служи за создавање на генерации со квалитетно образование, истражување и иновативни вештини, со академски и професионални компетенции од областа на хемијата, биохемијата, текстилот и технолошките науки, кои во овој момент се значително атрактивни на пазарот на трудот во РСМ и ЕУ.

Визијата и мисијата на Факултетот за технолошки науки при УМТ во Скопје е да одговори на потребите на општеството ЗА пополнување на празнината во областа на високото образование. Во овој контекст, мисијата на Факултетот за технолошки науки при УМТ како институција е во чекор со надградување на образованието во нагорна линија и континуирана посветеност за развојот во наставно-образовната, научно-истражувачката и апликативната цел.

Во исполнување на оваа визија, главните насоки или цели на воспитно-образовните и наставните и научните активности на Факултетот за технолошки науки се:

- Факултетот за технолошки науки при УМТ да дејствува како центар за развој и висока професионализација на современите сродни факултети во земјата и во странство како на додипломски, така и на магистерски студии.
- Факултетот за технолошки науки при УМТ да биде посветен и отворен за сите студенти врз основа на еднаквост и заслуги.
- Да се развие критичко и креативно размислување со цел студентите да придонесат за развој на економскиот еко систем во РСМ.
- Динамиката на економскиот развој, стапките на раст на бројот и големината на бизнисите, како и растот да биде врз основа на соодветни студиски програми.
- да се зајакнува професионалната и академска етика

Мора да бидеме свесни дека во услови на нелојална конкуренција во високото образование стратегиите за дејствување во УМТ мора да бидат во чекор со дефинирањето на развојната стратегија на Универзитетот „МАЈКА ТЕРЕЗА“ во Скопје, во областа на интеграцијата, димензионирањето и соработката на универзитетот и во чекор со научно-техничките и технолошките процеси како рамка за планирање на развојот на Факултетот за технолошки науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје. Меѓутоа, сложеноста и мултидимензионалноста на економските и социјалните промени во Северна Македонија исто така помалку или повеќе, директно или индиректно се рефлектираат и врз високообразовната дејност.

**СТРУКТУРИ, ПРОЦЕСИ И ПРОЦЕДУРИ**

Потребно е да се размислува континуирано за афирмацијата на Факултетот за технолошки науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје и тоа со објавување на резултатите во научни списанија и зајакнување на меѓународните научни мрежи. Истовремено, паралелно, Факултетот за технолошки науки се грижи за:

- Тимска работа ТИМ,
- Меѓусебна почит,
- ДИСКУСИЈА за проблеми,
- Мотивација,
- Еднакви можности за сите,
- Афирмација на квалитетот на наставата,
- Кредибилитет

Мојата програма за потенцијален декан на Факултетот за технолошки науки при УМТ ќе ја фокусирам на овие главни столбови на мојата посветеност: Организацискиот дел, програмскиот дел, меѓуинституционалната комуникација, обука и развој на кадарот.

## А) ЦЕЛИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ

Планот за организацијата е со следните карактеристики

Планирајќи стратешки организациони цели овозможуваме да се фокусираме и во иднината, а не само во сегашноста, планирајќи можеме да одговориме на следните прашања

- Каде СМЕ ние сега? (Рејтинг)
- Каде ние сакаме да бидеме (Празнината / иднина)
- Мотив да се надомести празнината (Стратешки план)
- Систем на евалуација до НАПРЕДОК (Карта со резултати)

Моделот на стратешко планирање што ќе го имплементираме на Факултетот за технолошки науки при УМТ е прикажан на следната илустрација ги вклучува елементите: Каде сме ние, Каде да одиме? Како ќе стигнеме таму и како ќе постапиме?

***Слика 1*** *Модел на стратешко планирање на Факултетот за технолошки науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје*

***Каде сме ние*** ***Каде ние сакаме да бидеме*** ***ВОЛЈА до крајната цел таму?***




Добрата практика на стратешко планирање на Факултетот за технолошки науки при УМТ ќе продолжи, и дополнително ќе се зајакнува со целокупните капацитети на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје. За да се постигне ова, ќе биде неопходно да се изгради нова парадигма, која ќе интегрира функции за управување со академската активност. Ова ќе започне со давање на добар пример за целосна реализација на поставените цели од новиот декан и неговиот менаџерски тим, како и од раководителите на катедрите. На овој начин целата заедница, вклучително и администрацијата, ќе се трансформира во директен градител за оценување на работата и напредокот на Факултетот за технолошки науки при УМТ.

Како декан особено значење имаат одлучувачките активности. Во многу ситуации ќе се претставам како претприемач. Во оваа улога, деканот иницира проекти, идентификува нови идеи, ги делегира идеите на другите итн. Како Декан ќе се справувам и со конфликти. Во оваа улога ќе се занимавам со решавање на разни конфликти кои може да постојат меѓу вработените во Факултетот, на различни нивоа. Во оваа улога, деканот прави правилна распределба на човечките и материјалните ресурси меѓу одделенијата.

Исто така, како декан главниот фокус ќе ми биде насочен кон следните цели:

- Ќе ја креирам наставно-научната работна средина на Факултетот за технолошки науки при УМТ, оваа работа нема да се направи преку амбициозни индивидуални цели, туку преку охрабрување и опсежна соработка меѓу академскиот кадар.
- Ќе се трудам да ја унапредувам научната мисла и секогаш кога ќе ми се даде можност

ќе се залагам за опремување на лабораториските капацитети со инструменти и опрема, ќе го зголемувам библиотечниот фонд и ќе се трудам наставниот кадар да може да напредува во науката

- Усогласување, синхронизација и иновативни програми и наставна содржина со што ќе се зајакнува наставно-образовниот процес
- Промоција на ПЛАНОВИ и наставни програми и студиски програми
- Применета наука
- Континуирана дигитална поддршка

Теоретската и практичната обука на студентите е важна во рамките на Факултетот за технолошки науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје. Нашата цел фундаментално ќе биде зголемувањето на квалитетот. Во оваа рамка, секој елемент од лекцијата ќе биде обработен во форма на предавања, семинари, практична работа во лаборатории, проекти курсеви, теренска настава.

Важна е и практичната обука на студентите надвор од универзитетот. Тоа ќе се овозможи со зајакнување на капацитетите за меѓународна соработка и размена на студенти и можност студентите да добијат стипендии.

## Б) АКАДЕМСКИ АКТИВНОСТИ, СТУДИСКИ ПРОГРАМИ, СТУДИИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

Фокусот на наставата ќе биде кон следните важни цели:

- Ажурирање на литературата
- Понатамошно унапредување на наставата и учењето преку имплементација на техники и современи методи во училницата.
- Поттик за креативност во наставата
- Организација и учество на научни манифестации поттик и учество на културни активности

## В) НАСТАВА, УЧЕЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ

- Инфраструктура во НАСТАВАТА
- Уреди за дигитализација на наставниот процес, табли, проектори, нагледни материјали
- Подготовка, апликација и развој на проекти

Објавувањето на научната дејност на нашиот академски кадар има посебно место за развој на целиот академски кадар и општо за квалитетот не само на Факултетот за технолошки науки, туку и на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

## Г) УПРАВУВАЊЕ И КВАЛИТЕТ

Во рамките на УМТ е формирана канцеларија за обезбедување квалитет чија задача е обезбедување квалитет и управување со квалитетот. Како потенцијален декан ќе се фокусирам на следното:

- Унапредување на наставата
- Научно-истражувачката дејност да се унапреди
- Да се зголеми обуката на академскиот кадар

Од резултатите од самоевалуацијата ќе се добие една слика за наставниот процес која може да се подобрува со дискусија и со правење на SWOT анализа. Самопроценката и насочувањето на подобрување на затекнатите слабости ќе овозможи добра клима за унапредување и за постигнување на планираните цели.

**Услови на студентите**

Зајакнување и конкретизирање на активностите за блиско и секојдневно партнерство со студентите. Студентите се причината и целта на нашата работа на Факултетот за технолошки науки при Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје. Исто така, поддршка и помагање на студентите ќе биде секогаш присутна.

Важна улога може да игра подучувањето каде „студентот е во центарот или фокусот". Примената на учење и настава насочена кон студентот овозможува почитување на различностите на студентите и почитување на нивните потреби преку овозможување поголема флексибилност на нивните патеки до учењето и постигнувањето на знаењето.

Стандардот на студентите е голем предизвик за образовните политики на секоја земја. Освен социо-економската компонента на студијата, исто така го опфаќа студентскиот активизам, културата, спортот и поширок социјален ангажман. Во оваа насока, Факултетот за технолошки науки во рамки на УМТ ќе се ангажира за подобрување на стандардот. Во оваа смисла, нашиот универзитет треба во следниот период (покрај постоечките ресурси на стипендии) да овозможи пронаоѓање на средства (од различни извори) за стипендирање студенти од посебни социјални категории.

Посебен акцент од страна на студентите ќе се даде на зголемената вклученост на студентите во проектното- истражување спроведено на Факултетот за технолошки науки при УМТ. На овој начин, придобивките се повеќеслојни. Од еден страна, можности за напредување на студентите заинтересирани за истражување како и нивната можност за тоа да добиваат определена финансиска компензација, се разбира онаму каде што е можно и предвидено со постоечкото законодавството.

Организација на библиотека (онлајн и физички) за користење на достапна литература

Светската литература овозможува студентите да бидат секогаш во тек со најновите откритија, со следење на научната мисла, затоа е од особена важност библиотечниот фонд да се ажурира, да се дополнува и да постои или во хартиена или во електронска форма достапна за студентите.

**Алумни МРЕЖИ**

Со создавање на алумни мрежи не само што се гради мост меѓу високообразовниот и индустрискиот сектор, туку се создава мрежа на професионалци од определена област.

## Д) ОБУКА И РАЗВОЈ НА КАДАРОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ

На Факултетот за технолошки науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје како потенцијален декан ќе се трудам секој член на академската заедница да има можност да ги зајакне сопствените капацитети, да се усовршува и да се унапредува во научно-истражувачката дејност.

## Ѓ) Е-КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА

Цели во комуникација и соработка

- Ориентација кон меѓуинституционална соработка која ќе ги зајакне врските на научните институции и едукативни капацитети.
- Продолжување на комуникација и на директни контакти на национално, регионално и меѓународно ниво, освојувајќи нови хоризонти со меѓусебна размена на знаења, човечки ресурси, инфраструктурни капацитети.
- Внатрешна и надворешна техничко-научна соработка во размената и прометот на книги, списанија и публикации кои се користат во фундаменталните научни истражувања.
- Свесни за важната вредност на образованието и квалификацијата на стручниот кадар ја охрабруваме соработката со сите универзитети во светот каде што нашите студенти можат да го продолжат образованието, научните погледи и да ги развијат своите вештини и да се стекнат со нови знаења.
- Меѓународната соработка е една од основните компоненти на развојот на Факултетот за технолошки науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје со што се градат меѓусебните релации кои ќе овозможат зацврстување на научните капацитети како во земјата, така и во странство.
- Ќе аплицираме за повеќе акции во COST, CEPUS, како и програми каде има простор за високото образование како што се ИПА програмите итн.

## Е) ЦЕЛИ ВО СОРАБОТКА ПОМЕЃУ УНИВЕРЗИТЕТОТ И БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА

Од особена важност е соработка на високообазовната институција со индустриските капацитети и развивање на можностите за соработка, а при тоа клучни фактори се,

Пренос на знаење – вклучува интерактивни активности кои вклучуваат формални лични интеракции и неформално, кооперативно образование, развој и размена на наставни програми.

Поддршка за истражување – вклучува финансиска поддршка и користење на опрема во лабораториите, стипендии за студенти или поддршка на проекти на различни теми.

Трансфер на технологија – интерактивни настани кои се од важност за Факултетот за технолошки науки, за неговото унапредување како и во рамките на УМТ, исто така за самопромовирање на капацитетите со можност истите да се подобрат и да стане уште попрепознатливи по својата работа.

## Ж) ПРОМОЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ

Промовирањето на Факултетот за технолошки науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје е од особено значење поради промовирање на наставно-образовните и научно-истражувачките капацитетит на Факултетот, зголемување на потенцијалните студенти на прв и на втор циклус, развој на предавањата, организирање на „Отворени денови“, посети на средни училишта во текот на целата година, организирање на настани каде студентите ќе бидат директно или индиректно вклучени во самата активност.

**УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ**
**UNIVERSITETI “NËNË TEREZA” NË SHKUP**
**ФАКУЛТЕТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ**
**FAKULTETI I SHKENCAVE SOCIALE**

# ПРОГРАМА
## за работа на Декан во период од 2022-2025 година во Факултет за социјални науки при Универзитетот “Мајка Тереза“ во Скопје Скопје,

# PROGRAMI
## për punë i Dekanit në periudhën 2022-2025 në Fakultetin e Shkencave Sociale pranë Universitetit “Nënë Tereza” në Shkup.

Кандидат / Kandidat:
Проф. д-р Сунај Раими / Prof. dr. Sunaj Raimi

Скопје, Ноември 2022
Shkup, Nëntor 2022

Кандидат за Декан: Проф. Д-р. Сунај Раими
Факултет: Социјални науки

Врз основа на член 114 од Законот за високо образование (сл. Весник 82/18) и согласно член 238 од Статутот на Универзитетот "Мајка Тереза" Скопје јас како кандидат за Декан ја предлагам следната Програма за работа на Деканот на Факултетот за Социјални науки при Универзитетот "Мајка Тереза" во Скопје, во мандатниот период од 3 години од 2022 до 2025 година.

Базирајќи се на вредностите и улогата на Факултетот за Социјални науки за развојот и благосостојбата на нашето општество и пошироко, сакам да потврдам дека сум подготвен сериозно да се посветам за суштински развој на ФСН и на УМТ воопшто. Врз основа на ова умисла, мојата програма ќе стреми кон систематско унапредување на Факултетот за Социјални науки, во согласност со Законот за високо образование на РСМ и Статутот на Универзитетот "Мајка Тереза" во Скопје. Меѓу другото, мојата обврска ќе се состои во унапредување на овој Факултет, во синкрон со другите компетентни органи на УМТ, како и на спроведување на просперитетните реформи на овој Факултет, во согласност со Болоњската декларација и на другите правни акти од сферата на високото образование. Сите овие наши академски стремежи ќе се базираат на една колегијална-консултативна работа со целокупниот академски стаф на Факултетот за социјални науки, како и на коректна и конструктивна соработка со сите органи на Ректоратот на Универзитетот "Мајка Тереза" во Скопје. Лично, и како Професор или како иден Декан, ќе се залагам за целосна реализација на основната мисија на нашиот Факултет, која инаку се состои во пренесување на знаења, вештини и умешности за научни истражување, но и на практично спроведување на овие интелектуални капацитети како општи шродобивки во нашето секојдневно живеење. Факултетот за Социјални науки е воспитно-образовна институција што нуди голем број програми и советодавни услуги, публикации, едукативни и прагматични проекти, како и други соодветни начини за пренесување на знаења. Работата и развојот на Факултетот, односно остварувањето на неговата мисија ќе се реализира преку остварување на следните среднорочни цели: Развој на нови методи и инструменти за анализа, подобрување и контрола на квалитет на образовниот процес; Јакнење на професионалниот капацитет на наставничкиот и соработничкиот кадар; Развивање на интердисциплинарни, мултидисциплинарни и заеднички истражувачки и едукативни програми; Зголемено учеството на Факултетот во национални и меѓународни истражувачки програми, проекти и други форми на соработка; Подобрување на конкурентноста на национално и регионално ниво преку трансфер на знаења и услуги; Натамошен развој на систем за информираност, транспарентност и компетентност. Сите овие цели на програмата ќе се остваруваат во согласност со повеќе стратешки документи за

развојот на високото образование и високообразовните институции кај нас, во ЕУ и светот, со цел имплементирање на принципите и стандардите што се неопходни и за Факултетот како дел од единствениот европски академски простор. Освен ова, мојата задача како Декан ќе се состои и во давањето на поддршка и мотивација на студентите на нашиот Факултет, која би се одвивала со помош на: Безрезервна поддршка на развојот и активноста на студентскиот парламент; Транспарентност во работата на телата на студентскиот парламент и зголемен број на вклучени студенти во активностите на студентскиот парламент; Поддршка на студентски активности и проекти, како и стимулирање на научниот капацитет на студентите; Интензивирање на смотрите на студентски трудови, со рангирање на трудовите и воведување на награди за трето, второ и прво место, за мотивација на студентите; Организирање на факултетски спортски натпреварувања во фудбал, кошарка и слично, во машка и женска конкуренција; Поддршка на учеството во разни научно-културни и спортски манифестации во Македонија и странство; Поддршка на студентите за учество во меѓународни студентски програми како Erasmus plus и сл; Поддршка на студентите за регионална размена и соработка со сродните факултети од регионот и светот и друго.

